Врз основа на член 11 став 1 алинеја (м) од Статутот на Македонскиот олимписки комитет (во понатамошниот текст: МОК), Собранието на МОК на седницата одржана на 24 Декември 2014 година година го донесе следниот:

ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА АРБИТРИТЕ

Арбитражата е современ метод на мирно решавање на споровите помеѓу странките. Довербата на странките во овој метод е основата на арбитражниот начин на решавање на споровите. Доверба која ја уживаат арбитртите дека врз основа на независност, непристрасност, чесност, ефикасност ќе го решат спорот помеѓу странките. Заради тоа, таа доверба треба да биде оправдана, како кон странките така и кон општеството.

Заради тоа, секој арбитер на листата на арбитри на Спротскиот арбитражен суд при Македонскиот Олипмиски Комитет (во понатамошниот текст САС), се обврзува дека трајно ќе ги почитува правилата на овој Етички кодекс.

Правилата кои ги поставува овој Кодекс се израз на моралните принципи кои треба да ги има еден арбитер за да постапува во конкретен случај. Правилата кои важат во спортот свое место наоѓаат и во овој Кодекс. Фер-плејот кој е основа на спортот е основа на спортската арбитража. Фер-однесување од арбитрите е тоа што се очекува.

Член 1

(1) Секое лице со прифаќање на должноста на арбитер во постапка која се води пред САС, се обврзува дека ќе постапува во согласност со Правилникот на САС. Правилата на овој Кодекс се однесуваат и на вештаците именувани од страна на арбитражниот трибунал во постапка која се води пред САС.

Член 2

(1) Арбитерот ќе го прифати именувањето само доколку смета дека може да придонесе во решавање на спорот со неговото знаење и искуство.
(2) Арбитерот ќе го прифати именувањето само доколку е во можност активно да учествува во арбитражната постапка.
(3) Арбитерот ќе го прифати именувањето само доколку има доволно време да се посвети на решавањето на спорот.
(4) Арбитерот ќе го прифати именувањето само доколку го знае јазикот на кој се води арбитражната постапка.

Член 3

(1) Арбитер кој е именуван од странка ќе биде независен и непристрасен во одлучувањето.
(2) Фактот дека странката го именувала лицето за арбитер и на тој начин изразило доверба во истото не смее да влијае на одлучувањето на арбитерот за предметот на спорот.

(3) Арбитерот не смее да одржува редовни приватни ниту професионални контакти со странката ниту со членови на нејзиното семејството кои произлегува финансиски интерес за арбитерот се додека трае постапката.
(4) Арбитерот нема да го прифати именувањето доколку имал претходен непосреден контакт од кој имал финансиски интерес од странката која го именува за арбитер или од лице блиско до странката.

Член 4

(1) Арбитерот мора да биде независен и непристрасен во текот на целата арбитражна постапка.
(2) Арбитерот ќе се воздржи од превземање на било какви активност за време на арбитражната постапка кои би предизвикале сомневање во неговата независност и непристрасност.
(3) Пред да биде именуван за арбитер, лицето мора да поднесе изјава за независност и непристрасност.
(4) Во изјавата задолжително мора да бидат откриени фактите кои кај трето лице би предизвикале разумна основа за сомневање во независноста и непристрасноста на лицето.
(5) Лицето кое е именувано за арбитер особено мора да ја наведе:
- секоја врска со странките, нивен застапник или друго лице кое учествува во арбитражната постапка;
- ако има непосреден или посреден финансиски интерес во врска со решавањето на предметот;
- ако има доверливи информации кои се однесуваат на предметот на спорот, а кои ги дознал од извори надвор од арбитражната постапка.

Член 5

(1) Лицето во ниту еден случај, дури и кога двете странки се спогодиле за негово именување за арбитер не смее да го прифати именувањето доколку:
- самиот е странка, законски застапник или полномошник на странка, ако со странката е во однос на соосопственик, солидарен должник или регресен должник или ако во истиот предмет е сослушан како сведок или вештак;
- странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втори степен, без оглед дали бракот престанал или не;
- ако е старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик на странката, на нејзин законски застапник или полномошник;

(2)Доколку лицето го прифати именувањето, истото задолжително ќе биде изземено.

Член 6

(1) Доколку во текот на арбитражната постапка се појават основи кои кај трето разумно лице би предизвикале сомневање во независноста и непристраноста,

арбитерот е должен веднаш без одлагање во писмена форма да ги извести странките, останатите членови на арбитражниот совет и Претседателот на САС.

Член 7

(1) Арбитерот е должен да ја води постапката во согласност со Правилникот на САС.
(2) Арбитерот при одредување на роковите ќе води сметка за еднаков тртман на сите страни.
(3) Арбитерот задолжително ќе овозможи рамноправност на странките во постапката.

Член 8

(1) Арбитерот додека се води арбитражната постапка нема да предизвикува непотребни трошоци како и трошоци кои се многу поголеми од вредноста на спорот, а кои се на товар на странките.

Член 9

(1) Арбитерот додека се води арбитражната постапка, нема да одржува едностранн контакти со странките.
(2) Во случај на контакт со една од странките, арбитерот е должен, веднаш, во писмена форма да ја извести спортивната странка, другите членови на арбитражниот совет и Претседателот на САС.

Член 10

(1) Арбитерот додека трае арбитражната постапка ќе им укаже на странките дека можат да го решат спорот со спогодба.
(2) Непостигнувањето на спогодба, не смее во ниту еден случај да влијае на одлуката на арбитерот во арбитражната постапка.

Член 11

(1) Арбитерот нема да објавува никакви факти и податоци за кои има дознаено во текот на арбитражната постапка.
(2) Арбитерот ќе ја почитува доверливоста на арбитражната постапка и нема во јавноста да ги објавува податоците на странките како и предметот на спорот.
(3) Арбитерот нема да сведочи за факти и податоци за кои има дознаено во текот на арбитражната постапка, освен доколку тоа не е во спротивност со законот кој го обврзува арбитерот на сведочење во кривична постапка.
(4) Странките можат спогодбено да отстапат од став 2 од овој член.

Член 12

(1) Арбитерот ќе се воздржи од секое однесување кое би придонело до одложување на донесувањето на арбитражна одлука.

Член 13

(1) Арбитерот може да одбие да се потпише на арбитражната одлука доколку истата е донесена со мнозинство гласови на арбитражниот совет и притоа смета

дека истата е неправедна и неоснована. Во тој случај арбитерот мора да достави одвоено мислење.

Член 14

(1) По завршување на арбитражната постапка, арбитерот, членови на негово семејство и на него блиски лица кои имаат финансиски корист од извршување на определено дејствие, нема да учествуваат во било какви понатамошни постапки поврзани со предметот на арбитражната постапка (извршување на налози и застапување).

Член 15

(1) Арбитерот нема да прифати никакви награди или ветувања на награди и надомест на трошоци ветени од странките, а кои не се награди и надоместоци за трошоци определени со Правилникот за трошоци во постапката пред САС.

Член 16

(1) Арбитер кој нема да постапува во согласност со овој Кодекс, може да биде изземен или заменет во текот на арбитражната постапка.

Член 17

(1) Доколку еден арбитер го прекрши овој Кодекс повеќе од два пати, ќе биде избришан од листата на арбитрти и нема да може повторно да биде избран на листата на арбитри.
(2) Лице кое е на листата на арбитри веднаш ќе биде избришано од листата доколку учествува во настан кој го нарушува угледот на спортот во Р. Македонија.